Република Северна Македонија
ЈУ МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА
Бр. 01-103/1
16.02 2023 год.
БЕРОВО

# Извештај за работата на

# Дневен центар за лица со ментална

# или телесна попреченост- Берово за 2022 година.

ЈУ Меѓуопштински центар за
социјална работа – Берово

Директор

Емилија Галабовска Биљарска

Годишниот извештај за работа на Дневниот центар за лица со ментална или телесна пореченост Берово ги опфаќа настаните и реализираните активностите предвидени со Годишната програма за работа на Дневниот центар.

Дневниот центар дава поддршка за лицата со попреченост, врши услуги на информирање и упатување, услуги на стручна помош и поддршка, услуги на советување, услуги на дневен престој преку дневно згрижување, индивидуални активности за стекнување на животни и работни вештини, социјални културни и рекреативни активности, едукација, социјална поддршка на лицата и нивните семејства и други сродни активности.

Заради поголема прегледност Годишниот извештај за работа на Дневниот центар е поделен на следните подрачја:

- Просторно - технички услови во Дневниот центар ;
- Функционирањето и работата во Дневниот центар;
- Планирање и реализирање на воспитните, образовните, рекреативните и активностите за социјализација, интеграција и рехабилитација;
- Предлог мерки за подобрување на состојбите и унапредување на дејноста;
- Заклучни согледувања.

# 1. Просторно-технички услови во Дневниот центар

## 1.1 Локација на Дневниот центар

Дневниот центар за лица со ментална или телесна попреченост во Берово е отворен на 01.03.2006 година. Лоциран е на улица "Маршал Тито" бб, во непосредна близина на Полициската станица и Агенцијата за вработување, во објект кој е во сопственост на општина Берово, а одстапен на користење на Меѓуопштинскиот центар за социјална работа-Берово. Дневниот центар е оддел кој функционира под надлежност на ЈУМЦСР Берово. Локацијата обезбедува полесна интеграција на корисниците и соработка со институциите во локалната средина. Дневниот Центар за лица со ментална или телесна попреченост е лесно достапен за корисниците, без архитектонски бариери и со соодветно уреден пристап.

## 1.2 Простор

Во Дневниот Центар има доволно простории за реализирање на програмските содржини предвидени за корисниците на услугите на истиот. Опремени се со современи елементи, апарати и реквизити. Амбиентот во внатрешноста е уреден така што обезбедува чувство на домашна (семејна) атмосфера. Дворната површина е парк со зеленило, дрва, клупи за одмор, спортски игралишта и фитнес (на отворено) – места каде се реализирани дел од активностите.

## 1.3 Опрема

Со помош и соработка помеѓу Министерството за труд и социјална политика, Финската влада, Канцеларијата на УНИЦЕФ, Едукејт и хорот Јан и Алеман од Холандија при отварањето Дневниот центар е опремен според бараните стандарди за опрема, надгледни и рекреативни средства и играчки. Во текот на повеќегодишното работење Дневниот центар има воспоставено соработка со повеќе локални фирми кои преку донации го имаат доопремено истиот. Во тековната 2022 година центарот е доопремен со сензорна соба, кабинет за физикална терапија и специјално опремен дел со када за хидромасажа. Средствата за истите се обезбедени од Амбасадата на Народна Република Кина и Стопанска комора на РСМ, а под покровителство на Претседателот Стево Пендаровски. Донации и мали подароци корисниците добиваат и од граѓани-поединци.

## 1.4 Превоз

Поголемиот дел од корисниците се земаат од сопствените домови и се враќаат во истите со превоз организиран од страна на ЈУМЦСР Берово. Истиот се врши со комбе (8+1) кое е отстапено на користење на Дневниот центар – Берово од страна на Дневниот центар-Делчево.

Двајца корисници користат јавен превоз- автобус кој сообраќа на редовна локална линија, а еден корисник доаѓа и си оди со сопствен превоз организиран од родителите на корисникот.

### 1.5 Исхрана

Исхраната во Дневниот центар се обезбедува преку набавка на намирници за појадок, ужина и ручек (топол оброк) кој се подготвува во ОЈУДГ-Детска градинка "23 Август"-Берово, а се служи во трпезарискиот дел од Дневниот центар.

## 2. Функционирањето и работата во Дневниот центар

Вработените во Дневниот центар имаат осумчасовно работно време во текот на пет работни дена т.е. од понеделник до петок. Поради потребите на корисниците, а врз основа на Решение за изменување и дополнување на Одлука за распоред, почеток и завршување на работното време во јавните установи за социјална заштита, секој вработен си има свое осумчасовно работно време. Хигиеничарот работи од 6.30 до 15.00ч., медицинската сестра и физиотерапевтот од 07:00-15:00ч., а стручниот тим од 07.30-15.30 часот. Корисниците во Дневниот центар престојуваат од 07.30 до 14.30.

Во текот на работното време на корисниците им се дава соодветна грижа и се реализираат следниве програмски активности: прифаќање на корисниците, утринска гимнастика, одржување на лична хигиена, појадок, ужина, ручек, слободни активности, музикотерапија, образовна поддршка, работна терапија, социјализација, групни и индивидуални третмани кај дефектолог, физиотерапевт и кинезитерапевт, реинтеграција и рехабилитација, вежби и игри за релаксација.

**Табеларно прикажување на временски распоред на активности**

| **Временски распоред** | **Активност** |
|---|---|
| 07.45.-09.00 | Транспорт и прием на корисниците |
| 09.00-09.30 | Појадок |
| 09.30-10.00 | Образовно-едукативни активности во група |
| 10.00-11.00 | Воспитно и рехабилитациони групни и |

| | |
|---|---|
| | индивидуални активности |
| 11.00-12.30 | Индивидуални третмани |
| 12.30-13.00 | Активности за социјализација (прошетки, присуство на манифестации, игри, дружење) Слободни активности (организирани игри,креативни работилници и др.) |
| 13.00-13.30 | Ручек |
| 13.30-14.00 | Одмор (гледање ТВ, слушање на музика, игри на компјутер и др.) |
| 14.00-15.30 | Транспорт - заминување на корисниците |

## Капацитет на сместување

Дневниот центар има капацитет да згрижи од 20-25 корисника. Заклучно декември 2022 година Дневниот центар го посетуваат 10 корисника – број на кој може да се обезбеди квалитетна грижа, креирање на позитивни меѓусебни односи помеѓу корисниците, можност за индивидуален пристап и третман, групна работа, а воедно и создавање на атмосфера слична на семејната.

Корисниците во Дневниот центар се на различна возраст, од 24 години до 45 години и истите ги исполнуваат условите за престој согласно новиот Закон за социјална заштита и Правилникот за нормативи и стандарди за основање и започнување со работа на установи за социјална заштита - Дневен центар за лица со интелекутална или телесна попреченост.

## Структура на вработени

Во Дневниот центар се вработени лица со следната стручна подготовка:

- социјален работник
- здравствен работник- спец.кинезитерпаевт
- дефектолог
- физиотерапевт
- медицинска сестра
- хигиеничар
- возач

Од Јули 2022 год. социјалниот работник е на породилно отсуство. Од август 2022 год. е направена прераспределба на кадарот со што е направена внатре-институционална замена на една медицинска сестра со дефектолог од Мал групен дом (оддел на ЦСР). Од декември 2022 едниот дефектолог е на годишен одмор, а по завршување на истиот му престанува работниот ангажман поради пензионирање. Возачот не е редовно вработен.

## Структура на корисниците

Структурата на корисниците според видот на попреченоста е следната:

- умерена интелектуална и физичка попреченост ;
- тешка интелектуална и физичка попреченост ;
- комбинирана попреченост ;
- церебрална парализа ;
- пречки во говорот и јазикот.

Корисниците кои престојуваат во Дневниот центар покрај горенаведените видови на попреченост имаат и пропратни, хронични болести.

Ваквата структура на корисници бара поголемо ангажирање на вработените во обезбедување на соодветна грижа како и прилагодување на методите на работа при реализирање на програмските содржини. Во Дневниот центар дел од корисниците кои доаѓаат се од Берово, а дел се од блиските селски населби и од Пехчево. Ваквиот состав е поволен затоа што нуди поголеми можности за нивна интеграција во поголема градска средина, меѓусебно дружење, а во исто време лесен пристап до третман и рехабилитација.

**Табеларен приказ според возраста на корисниците:**

| Возраст | над 30год | 26-30 | 20-25 | 16-19 | 10-15 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Број | 6 | / | 4 | / | / | 10 |

**Според националноста:**

| Националност | Македонци | Роми | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Број | 10 | / | 10 |

**Според полот:**

| Пол | Машки | Женски | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Број | 2 | 8 | 10 |

Во периодот од Јануари до Јуни услугата дневен престој ја имаат користено 5 лица. Состојбата е променета во периодот од Јули до Декември и нивниот број се зголемува на 9, односно 10 корисника. Бројот е зголемен како резултат на обезбеден превоз од страна на ЦСР со што услугите стануваат достапни и за корисници од соседната општина Пехчево, како и за лица од селата на територија на општина Берово.

## 3. Планирање и реализирање на воспитните, образовните, рекреативните и активностите за социјализација, интеграција и рехабилитација

Активностите кои се реализираат со корисниците на Дневниот центар создаваат услови за холистички пристап и проактивна улога на истите овозможувајќи:

-да осознаваат и учат од конкретни ситуации, креативни работилници и преку игра;
-да бидат поставувани во интерактивни релации;
-да партиципираат во рамките на индивидуалните способности;
-да имаат право на сопствено мислење;
-да се стимулираат да истражуваат;

Активностите се планирани од страна на тимот во Дневниот центар, согласно Програмата и Упатството за работа на Дневни центри за деца и младинци со умерена и тешка интелектуална попреченост на Заводот за социјални дејности - Скопје. Планираните активности се изведуваат групно и индивидуално. Реализирањето се изведува по дадени теми и дневно-планирани активности, а по претходни консултации на стручниот тим во Дневниот центар.

При работата со корисниците, се земаат во предвид нивните физички и психички потенцијали и врз основа на нив, се споредуваат соодветни стручни третмани.

Со корисниците во Дневниот центар се спроведуваат активности од подрачјата за работа со корисници над 18 години , согласно нивната возраст (24-45 год.).

## Подрачја за работа со корисниците над 18 години

### 1. Животни вештини

- подобро функиционирање на корисниците во Дневниот центар, домот и локалната заедница;
- подобрување на вештините за самопомош потребни за секојдневниот живот;
- поголема самостојност на корисниците;
- вклученост во локалната заедница.

### 2. Работна терапија и работно оспособување

- одржување на веќе стекнатите работни навики во извршување на секојдневните работи;

➢ оспособување на лицата за извршување на одредени работни активности;

➢ развој и корекција на способностите, вештините и навиките неопходни за извршување на секојдневните активности, како и овозможување пристап и подготовка кон работно оспособување;

➢ зголемување на интересот и мотивираност на корисниците за различни активости;

➢ развивање на позитивните карактерни особини-одговорност кон работата и приборот за работа, истрајност и упорност;

➢ развивање на работните навики.

**3. Психо-социјална помош и поддршка за интеграција во локалната средина**

➢ негување на навиката за соживот и работа во група;

➢ полесна и успешна интеграција на корисниците во локалната заедница;

➢ учење на вештини за комуникација;

➢ развивање и прифаќање на правилата на однесување;

➢ развивање на одредени морални вредности (толерантност, истрајност, почитување);

➢ стекнување на навики за правилно и културно однесување во разни ситуации и средини;

➢ емоцијално прилагодување во разни животни ситуации;

➢ усвојување на основни знаења и вештини за интерперсоналните односи;

➢ усвојување на општествено прифатливо однесување.

**4. Сексуално воспитание**

➢ физички, емоционален и морален развој на корисниците;

➢ стекнување на знаења за сопственото тело и промени на телото кои се случуваат;

➢ стекнување на знаења за препознавање и избегнување на сексуална злоупотреба;

➢ стекнување на знаења за контрацепција.

**5. Самоодредување и самозастапување**

➢ запознавање со личните права и обврски;

➢ запознавање со сервисите кои ги нуди локалната заедница;

➢ зголемена самостојност на корисниците.

**6. Структуирање на слободното време**

➢изразување на сопствена иницијатива за одреден вид на слободни активности;

➢развивање на интерес и мотивација за слободни активности;

➢развивање на интерес за посета на манифестаци од културно забавен карактер;

➢ одбирање на активности согласно желбите на корисници;

## Извештај за работата на дневниот центар по месеци за 2022 година

Во текот на 2022 во Дневниот Центар се реализирани активности насочени кон: корисниците, нивните семејства и локалната заедница. Редовно се одржува контакт-индивидуални и групни средби со родителите, родителски состаноци, телефонски разговори, посети во домовите на семејствата и други активности спроведени со истите. Континуитет има во соработка со локалната самоуправа, ЈУМЦСР Берово, здруженија и НВО, како и Детските градинки од Берово и Пехчево, ООУ,,Дедо Иљо Малешевски"-Берово, ОСУ,,Ацо Русковски"-Берово, Здравствен Дом-Берово, Дом на култура-,Димитар Беровски"-Берово.

Во 2022 година се реализирани следните активности:

➢ **Јануари**

- Имендденска прослава на еден од корисниците;
- Посета на Дневниот центар од страна на претставници на институциите, поединци, надворешни соработици кои на корисниците им ги честитаа Божиќните празници;
- Одбележување на еден од најголемите христијански празници Божиќ.
- Делење на бадниково лепче, при што нашите корисници со помош на вработените сами го месуваа тестото и помагаа во подготовка на трпезата.

➢ **Февруари**

- Прослава и одбележување на роденден на еден од нашите корисници
- Посета на музејот при Дом на култура "Димитар Беровски"- Берово и презентирање на сите историски елементи во истиот од страна на стручно лице.
- Преку натпревар во цртање во атмосфера на дружење и позитивни емоции се одбележа денот на виното и љубовта.

- **Март**

- Преку креативни работилници се празнуваше денот на жената 8ми Март и нашите корисници подарија свои изработки на вработените во ЈУМЦСР Берово.
- Презентација на народни инструменти (тапан и гајда) од страна на вработен Етнокореолог во Домот на култура.

- **Април**

- По повод денот на шегата 1ви Април, изработивме маски за сите корисници и вработени и прошетавме по плоштадот на град Берово, со што ја подигаме свеста кај населението.
- Преку кратка презентација на социјален работник се одбележа 2 Април-Меѓународниот ден на свесноста за аутизмот
- Посета на Беровското езеро и прошетка во природа.
- Бојадисување и изработка на украсни јајца по повод најголемиот Христијански празник Велигден.

- **Мај**

- Ден на Македонскиот јазик- презентирање на песни и раскази од страна на корисниците.
- Прослава на роденден на еден од корисниците.
- Посета од страна на Дневен центар Делчево кои беа во посета на Берово и Беровско езеро и заедничко дружење помеѓу корисниците.

- **Јуни**

- Спортски активности во овој месец се одржуваа во дворот на центарот кои располага со 4 терени, фитнес зона и забавен парк со најразлични реквизити (секој корисник има свој индивидуален план за работа во областа на кинезитерапијата, и според неговите можности тој соодветно се реализира).
- Во овој месец голем акцент се стави на хигиенските навики кај самите корисници преку практично објаснување од страна на вработените.
- Дел од стручниот тим од ДЦ учествуваше на обука организирана од ГЗ "Бравура кооператива" во Делчево

- **Јули**

- Обезбедено е превозно средство за организиран превоз на корисниците, наутро од нивните домови до Дневниот центар и попладне нивно враќање назад. Комбето е позајмено од Дневен центар Делчево. Со тоа услугата дневен престој станува достапна за поголем број корисници, односно нивниот број се зголеми на 9 корисника.
- Посета на Дневниот центар од страна на Претседателот на РС Македонија, Стево Пендаровски, министерката на МТСП, д-р Јагода Шахпаска и претставници од амбасадата на НР Кина. Целта на посетата е свечено

отварање на Кабинет за физикална терапија и сензорна соба – донација од НР Кина.

- Заедничка роденденска прослава во дворот на Дневниот центар на две корисниички.

➢ **Август**

- Посета на Градски стадион Берово и дружење преку спортски и забавни игри за подигање на свеста за здраво тело, спортски дух и социјализација.
- Генерално чистење, перење на теписи, дезинфекција и дезинсекција на просториите во Дневен центар.
- По препорака на подрачен санитарен испектор и епидемиолог корисниците во период од една недела не ги користеа услугите на Дневниот центар поради контакт со Ковид-позитивно лице.
- Од страна на градоначалникот на Општина Берово е примена донација од спортски обувки-патики за сите корисници.

➢ **Септември**

- Прием на нов корисник, со што конечниот број на корисници е 10.
- По повод Денот на Независноста на Р.С. Македонија на 08.09.2022 корисниците имаа креативна работилница за изработка на цртежи во различни техники со симболите на нашата татковина.
- Преку низа креативни работилници е означен почетокот на есента.

➢ **Октомври**

- Редовна посета на спортските терени во дворот на ДЦ и развивање на физичките способности на корисниците во рамки на нивните можности.
- Во соработка со КУД " Димитар Беровски "- Берово и локални-поединци музички уметници е реализирана музичка работилница. На истата се изведени традиционални песни и ора, а активно учествуваа сите корисници.
- Групни активности од типот чистење на дворот и подигање на свеста за одржување на хигиената и околината.

➢ **Ноември**

- Посета на туристики комплекс "Аурора" и Беровско езеро. Активноста е реализирана со поддршка и учество на дел од родителите на корисниците.
- Со низа активности и во соработка со Општина Берово е направена подготовка за настан од јавен карактер за подигање на свеста кај локалното население за прифаќање на лицата со попреченост.

➢ **Декември**

- Реализирана е редовна-годишна родителска средба. На истата освен родителите учествуваа и Директорката и претставници од ЦСР Берово.

- На 3ти Декември- Денот на лица со попреченост на градскиот плоштад во Берово, ДЦ со поддршка од ЦСР Берово и Општина Берово организираше промотивна кампања за подигање на свеста кај локалното население. ДЦ имаше штанд на кој се делеше промотивен материјал - флаери со едукативна содржина. Сите корисници беа вклучени во реализацијата на активноста. Програмата беше збогатена со фолклорна програма подготвена од ОУ "Никола Петров Русински" од с. Русиново. На крајот од настанот корисниците посетија локален угостителски објект.

- Во соработка со ООУ "Дедо Иљо Малешевски" Берово во просториите на ДЦ преку културно-забавна програма се презентирани дел од активностите на драмската, литературната и музичката секција од училиштето. Корисниците остварија контакти, дружење и запознавање со учениците од училиштето.

- Преку низа активности и работилници е означен почетокот на годишното време зима.

- Декорација на просторот и изработка на честитки по повод Нова година. Дел од изработените честитки корисниците лично ги доставија до локалните соработници – фирми и лица поединци кои во текот на годината дале допринос во унапредување на работата на ДЦ.

- По претходна консултација, а по наше барање од страна на градоначалниците на Берово и соседната општина Пехчево е обезбедена донација од машина за миење на садови за потребите на ДЦ.

Активности кои редовно и секојдневно се реализират во текот на целата година се:

- секојдневни средби и контакти со родителите;

- развој на културно-хигиенските навики кај корисниците;

- поттикнување на позитивни емоции преку воспоставување на меѓусебни дружења, игра и забава.

- вклучување на корисниците во активностите за одржување на хигиената во центарот и нивни дежурства во кујна.

- едукација и примена на мерки за одржување на лична хигиена и стекнување на навики за зачувување на сопственото здравје, со акцент на потребата од конзумација на здрава храна и примена на физичка активност.

## 4. Предлог мерки за подобрување на состојбата и унапредување на дејноста

За да се унапреди функционирање на Дневниот центар за лица со ментална или телесна попреченост-Берово потребно е:

- Набавка на сопствено соодветно превозно средство- комбе за превоз на корисниците, со кое ќе се олесни и реализацијата на одредени активности надвор од

Дневниот центар ( моментално се користи превозно средство позајмено од ЦСР Делчево и истото не поседува соодветна опрема за превоз на лица со попреченост).

- Отпочнување со индивидуални третмани на лица кои не се редовни корисници на услугите на Дневниот центар.
- Организирање на обуки за справување со корисници кои се повремено агресивни. Обуките да бидат наменети за вработените, родителите и корисниците;
- Набавка на асистивна технологија наменета за корисниците;
- Развој на нови услуги и опфаќање на целиот континуитет на грижа;
- Соработка со Бизнис заедницата со цел да се изработат индивудуални планови за работно оспособување согласно можностите на корисникот за нивно вклучување на пазарот на трудот;
- Поддршка во адаптација и инклузија на лице со попреченост во работниот процес на центарот (менторска поддршка, подготовка на работна средина, мерки за инклузивна работна структура, итн.)
- Соработка со локалната заедница.
- Надополнување или повремено вклучување во работата на стручни лица со профили: психолог и логопед.

## 5. Заклучни согледувања

Од годишниот извештај за работењето на Дневниот Центар за лица со ментална или телесна попреченост Берово за 2022 година може да се заклучи дека истиот одлично функционира и ги исполнува сите услови пропишани со Законот за социјална заштита (Сл. Весник на РМ бр.104/2019 и 146/2019) и Правилник за начинот, обемот, нормативите и стандардите за давање на социјалните услуги на дневен престој и потребните документација за центар за дневен престој (Сл. Весник на РМ бр. 172/2019).

Дневниот Центар за лица со ментална или телесна попреченост како дел од ЈУ Меѓуопштинскиот центар за социјална работа-Берово се залага за згрижување на поголем број на лица со пречки во развојот кои се евидентирани и ги исполнуваат критериумите за влез во истиот. Планот за реализирање на нови проектни активности и идеи ќе продолжи и во идниот период. Стручното усовршување и надградување на стручниот тим од Дневните центри преку предавања, обуки, семинари од стручни лица треба да се зголеми и да се организира постојано на теми со кои се среќаваат вработените во секојдневната работа.

Соработката на Дневниот Центар со ЈУ Меѓуопштинскиот центар за социјална работа- Берово е на високо ниво и комуникацијата е интензивна и секојдневна.